СООПШТЕНИЕ

ВВ „Тиквеш“ во чест на лауреатите

# Филмаџиите уживаа со Special Selection

*Битола, 24.септември 2015* – Винарската визба „Тиквеш“ организираше специјален вечерен настан, за лауреатите и многубројните филмски работници - гости на годинешниот Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“.

Ексклузивните филмаџии, меѓу кои и македонскиот режисер Милчо Манчевски и добитникот на наградата за животно дело, кинематографот Божидар-Бота Николиќ во опуштена и неформална атмосфера во Вино бар “Буре“ во Битола уживаа во дружењето со врвните и автентични вина на „Тиквеш“ од линијата Special Selection.

И ВВ „Тиквеш“ и Фестивалот „Браќа Манаки“, секој на свој начин, ја шират пораката за Македонија како средина која ги препознава вистинските вредности, но истовремено ја промовираат земјата во странство. Оттаму, нам ни е задоволство што можеме да ја поддржиме оваа манифестација и со тоа да придонесеме за што подобар впечаток кај ексклузивните гости на фестивалот, велат во Тиквеш.

Соработката меѓу двата македонски бренда, едниот во филмската, а другиот во винската индустрија, се развива во годината во која Тиквеш прославува 130 години од своето постоење, а Фестивалот обележува 110 години од творештвото на браќата Манаки. Врвните и автентични вина на ВВ „Тиквеш“ беа служени и на презентирањето на Фестивалот „Браќа Манаки“ во Кан, во мај годинава. Со овие активности ВВ „Тиквеш“ ја продолжува долгорочната определба за промоција на докажани вредности кои имаат значење за заедницата, меѓу кои и Фестивалот „Охридско лето“, Скопскиот џез фестивал, Скопскиот филмски фестивал, претставувања на македонски уметници во странство.

Контакт: Винарска визба „Тиквеш“ (маркетинг), тел. +389 2 3181 724

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk